# Рамка за финансиски посредници- Портфолио за споделување на ризикот - ПроКредит Банка Скопје (Европски фонд за одржлив развој+2)

| | |
|---|---|
| **Држава**: | Северна Македонија |
| **Број на проект:** | 56686 |
| **Деловен сектор:** | Депозитарен кредит (банки) |
| **Вид на објава:** | Приватен сектор |
| **Еколошка категорија:** | ФИ |
| **Датум на одобрување:** | 28 октомври 2025 |
| **Статус:** | Чека одобрување |
| **Објава на резимето на проектот на англиски јазик:** | 30 октомври 2025 |

*Согласно сегментот 1.4.2.(iii) од Директивата за Пристап до информации: ,,За проекти одобрени од менаџментот на Банката, каде Бордот на Директори делегирал право на овластување, документот за Резимето на проектот ќе биде објавен на почетокот на релевантниот период за известување, наведувајќи дека нема приговор од земјата членка на Банката, согласно Член 13 (iii) од Договорот за основање на ЕБРД.“*

## Опис на проектот

Портфолио за споделување на ризикот (Portfolio Risk Sharing-PRS) во форма на нефинансирана финансиска гаранција до 25 милиони евра изложеност на ЕБОР, која ќе го покрие кредитниот ризик до 50 проценти од вкупниот износ на грануларното портфолио на нови прифатливи заеми за микро, малите и средни претпријатија (ММСП) до 50 милиони евра од ПКБМ, деноминирани во евра и МКД.

## Цели на проектот

Предложениот проект е првата пилот трансакција на Портфолио за споделување на ризикот во Северна Македонија, која има за цел да го прошири спектар на производи на ЕБОР на пазарот со ново и ефективно решение, дизајнирано да го отстрани ризикот кај приватните финансиски институции, и да ги адресира финансиските

недостатоци на ММСП со фокус на работниот капитал и прекумерни кредити во сегментот на микро, мали и средни претпријатија ("ММСП").

## Влијание врз транзицијата

ЕТИ резултат: 60

Проектот придонесува за **конкурентни** и **отпорни** квалитети на транзиција на ниво на ПКБМ. Портфолиото за споделување на ризикот ќе и помогне на ПКБМ да го зголеми влијанието на пазарот, преку подобрени можности за позајмување и диверзификација на портфолиото, поддржана со достапноста на капитално олеснување (предмет на регулаторна согласност).

## Информација за клиентот

ПРОКРЕДИТ БАНК АД

**ПроКредит Банк АД Скопје (ПКБМ)** е универзална комерцијална банка, шеста најголема банка на пазарот со пазарен удел од 6,2% според вкупни средствата согласно податоците од вториот квартал на 2025 година.

# Резиме на финансирањето на ЕБОР

25.000.000.00 евра

## Вкупна вредност на проектот

50.000.000,00 евра

## Додадена вредност

ЕБОР нуди иновативни финансиски структури и обезбедува експертиза и знаење кои се материјални до навремено остварување на целите на проектот. ЕБОР нуди стандарди и поддршка за зајакнување на идните структурирани финансиски проекти, како и експертиза за финансирање и ресурси за климатска отпорност ефикасност.

# Еколошко и социјално резиме

Категоризирана FI (ESP 2019).

ПроКредит Банк АД Скопје е постоечки клиент со задоволителни еколошки и социјални перформанси во рамките на нејзината моментална изложеност. Приходите од банката ќе бидат искористени за гарантирање на портфолиото на ММСП во согласност со критериумите за подобност во Изјавата за политиката, а 30% од износот на проектот ќе бидат искористени за зелени проекти во согласност со критериумите за усогласеност со Транзиција на зелената енергија на ЕБОР.

Подпроектите се очекува да носат низок до среден еколошки и социјален ризик, првенствено поврзан со капацитетот на клиентот да го имплементира својот систем за управување со животната средина и социјалното управување, потенцијалните влијанија кои произлегуваат од финансираните подпроекти и поврзаните ризици во синџирот на снабдување. Еколошката и социјална анализа е преземена преку преглед на годишниот еколошки и социјален извештај на клиентот. ПКБМ има воспоставен систем за управување со животната средина и социјалниот менаџмент, кој е усогласен со барањата на ЕБРД.

Се очекува дека ПКБМ ќе го одржува својот систем за управување со еколошки и социјални системи за управување, за ефикасно да ги проценува, управува и следи ризиците и влијанијата поврзани со нејзините подпроекти.

Таа мора да биде во согласност со еколошките и социјалните барања на ЕБОР 2, 4 и 9 во рамките на Еколошката и социјалната политика за 2024 година, вклучувајќи го и придржувањето кон Листата на еколошки и социјални исклучоци на ЕБОР. ПКБМ исто така е обврзана да продолжи да ги доставува годишните еколошки и социјални извештаи до банката, да има детална усогласеноста со важечките еколошки и социјални правила и да ги реши еколошките и социјални прашања, кои се појавуваат во текот на годината. Доколку средствата на ЕБОР се користат за финансирање на подпроекти за обновлива енергија, овие подпроекти мора да ги исполнуваат критериумите на ЕБОР, за подпроекти за обновливи извори на енергија, како и други важечки критериуми утврдени во Изјавата за политиката на Рамката за финансиски посредници. ПКБМ исто така мора јавно да ги открие информациите за своите еколошки и социјални менаџмент системи, во согласност со еколошките и социјални политики од 2024 година.

# Зелени проценки

Утврдено е дека проектот е усогласен со Парискиот договор, врз основа на примената на пристапот на ЕБОР на парискиот пристап за индиректно финансиско инвестирање. Утврдувањето за усогласување се базира на примената на столб 1 (посветеност на спротивната страна кон Парискиот договор) и столб 2 (филтер за подтрансакции). 30% од финансирањето на ЕБОР е класифицирано како зелено финансирање, бидејќи ги поддржува активностите за постигнување на целите за ублажување на климатските ефекти.

# Техничка соработка и финансирање со грант

**А. Техничка соработка:** Одбрани трансакции од Портфолиото за споделување на ризикот на ЕБОР во земјите од Западен Балкан поддржани преку покривање на ризикот за примарна загуба преку ЕУ во рамките на Европскиот фонд за одржлив развој+, ќе имаат корист од пакетот за техничка соработка во износ до 1.387.000 евра. Техничката помош ќе овозможи ангажирање на програмски консултант за поддршка, со градење на капацитети на партнер финансиски институции во врска со општата поддршка за имплементација, градење на капацитети за транзиција на

зелената економија, идентификација и проценка на потенцијални инвестициски подпроекти, видливост и маркетинг активности и помош со мониторинг и известување ако е потребно.

**Б. Мешано концесионално финансирање:** ПКБМ беше избрана да биде дел од Програмата за Западен Балкан и Туркие - Раст за сите / Финансиски институции - Европскиот фонд за одржлив развој+. Проектот треба да има корист од гаранцијата на ЕУ, на основа на природата на проектот, искуството на партнер финансиски институции, нејзиниот капацитет да придонесе за програмата, додадена вредност и здравите банкарски принципи.

# Контакт информации за компанијата

Милан Дамчевски
milan.damcevski@procredit-group.com
+389 02 2446 000
www.pcb.mk
Манаро 7 1000 Скопје, Република Македонија

## Последно ажурирање на Резимето на проектот

## Разбирање на транзицијата

Натамошни информации во врска со пристапот на ЕБОР кон влијанието врз транзицијата, може да се проверат тука.

## Деловни можности

За бизнис можности или набавки, контактирајте ја компанијата клиент.

За бизнис можности со ЕБОР (кои не се поврзани со набавка) контактирајте не́ на:
Телефон: +44 20 7338 7168
Електронска адреса: projectenquiries@ebrd.com

За проектите на Банката со државниот сектор,  посетете ја веб страната Набавки на ЕБОР:

Телефон: +44 20 7338 6794
Електронска адреса: procurement@ebrd.com

## Општи прашања

За сите прашања околу проектите, можете да не контактирате преку онлајн Образецот за прашања за ЕБОР.

## Еколошки и социјални политики (ЕСП)

ЕСП и релевантните Барања за работење (БР) ги воспоставуваат практиките преку кои ЕБОР ги имплементира обврските за промовирање на „еколошки стабилен и одржлив развој". ЕСП и БР вклучуваат специфични одредби за клиентите, кои треба да ги следат, заедно со применливите барања од локалните закони за јавно информирање и консултациите, како и воспоставување на механизми за жалба кои треба да ги добијат и да изнајдат решение за забелешките и поплаките на клиентите и засегнатите страни, особено за еколошкото и социјалното работење на клиентот и самиот проект. Пропорционално со природата и рамката на проектниот еколошки и социјален ризик и влијание, ЕБОР дополнително бара неговите клиенти да објават информации, согласно релевантните пракси, кои се поврзани со ризиците и влијанијата кои се појавуваат во проектите, да превземат разумни консултации со учесниците во проектот, и да ги разгледаат и да одговорат на поставените прашањата.

Повеќе информации за праксите на ЕБОР поврзани со оваа проблематика може да пронајдете тука.

## Интегритет и усогласеност

Канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност (КГСУ) на ЕБОР, промовира добро владеење и обезбедува услови за имплементирање на највисоките стандарди на интегритет за сите активности на Банката, согласно најдобрите меѓународни пракси. Проверката на интегритетот се врши на сите клиенти на Банката, со цел да се обезбедат услови проектите да не претставуваат неприфатлив ризик за интегритетот или репутацијата на Банката. Банката верува дека идентификувањето и разрешувањето на проблемите во фазите на одобрување на проектот, се најефикасни средства за обезбедување на интегритетот на трансакциите на Банката. КГСУ игра клучна улога во овие заштитни напори, но помага и во мониторинг на ризиците поврзани со интегритетот на проектите во пост-инвестициската фаза.

КФСУ е одговорна и за испитување на обвинувањата за измама, корупција и лошо владение во проектите кои се финансирани од ЕБОР. Било кој во или вон Банката, кој се сомнева дека има измама или корупција, треба да достави писмена забелешка до канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност, на електронска адреса на compliance@ebrd.com. Сите работи кои ќе бидат пријавени, ќе бидат обработени од страна на КФСУ и ќе следи соодветна активност. Сите пријави, вклучувајќи ги и анонимните, ќе бидат разгледани. Приговорите може да бидат поднесени на било кој јазик кој се користи во Банката или јазик во земјите каде Банката има свои канцеларии. Доставените информации мора да бидат за општа добра намера.

## Пристап до Политика на информации (ППИ)

ППИ пропишува како ЕБОР ги објавува информациите и се консултира со учесниците во проектот, со цел да промовира подобро спознавање и разбирање на стратегиите, политиките и проектите, следствено нивното стапување на сила од 1

јануари 2020 година. Ве молиме проверете на овој линк - Пристап до политики за информирање, за да дознаете кои информации се достапни на веб страната на ЕБОР.

Посебни барања за информации може да се достават преку Формуларот за прашања за ЕБОР.

## Независен механизам на приговори за проектот (НМПП)

Доколку справувањето со забелешките на клиентите или Банката, околу еколошките, социјалните и јавните објави на информации не се успешни (на пример, преку механизмите на жалба на ниво на клиент - проект или преку директна интеракција со менаџментот на Банката), поединците и организациите може да бараат нивните забелешки да се разгледаат преку релевантниот независен механизам на приговор за проекти на ЕБОР, креирани за оваа намена.

НМПП независно ги разгледува аспектите на Проектот кои се верува дека предизвикале (или има веројатност дека ќе предизвикаат) штета. Целта на механизмот е да поддржи дијалог помеѓу учесниците во Проектот во разрешување на аспектите од еколошки, социјални и јавни објави на информации; да определи дали Банката ги испочитувала еколошките и социјалните политики или одредбите кои се поврзани со проектот, во однос на Пристапот до политиките на информирање, и онаму каде што е релевантно, да се справи со било кои постоечки неусогласености со овие политики, истовремено спречувајќи идни неусогласувања со Банката.

Посетете ја веб страната Независен механизам за проектната отчетност (НМПО) за да дознаете повеќе за активностите и мандатот на истиот. Можете да поднесете барање за ревидирање или директно да го контактирате НМПО на електронската адреса ipam@ebrd.com  за да добиете упатства и повеќе информации за НМПО и за начинот на поднесување барање.